**Правила**

За користење на радиоаматерски репетитори во Македонија

(предлог за дискусија на ИО)

**1. Дефиниции , општо**

Радиоаматерски репетитор е уред наменет за двосмерна комуникација на претходно прецизно определени, наменски фреквенции доделени легално на користење на Радиоаматерскиот Сојуз на Македонија (РСМ).

РСМ овие фреквенции ги користи на примарна основа како единствен корисник со сите права доделени и опишани во Правилникот за користење на радиоаматерски уреди издаден од АЕК - во понатамошниот текст Правилник АЕК.

Техничките карактеристики на овие уреди , нивното користење и сите други поединости се регулирани во истиот Правилник АЕК.

Репетиторите се јавно добро . Нивното користење во РСМ е наменско и треба да се користат за унапредување и проширување на квалитетот на радио комуникациите , меѓусебното поврзување во интерес на сите корисници како и јавниот интерес на општеството каде припаѓаме .

Репетиторите користат природен ресурс - етерот . Со самото тоа , радиоаматерите се должни да го почитуваат како и секој друг ресурс. Злоупотребата е загадување како и секое друго . Кога емитуваме, не сме сами. Секогаш има друга страна која не слуша и која треба да ја почитуваме ако сакаме самите да бидеме почитувани. Секое поинакво однесување неминовно води кон одбојност и повод за расправии и несогласувања.

Репетиторите се, во основа, наменети за двосмерна комуникација помеѓу мобилни оператори-радиостаници во движење.

Самото тоа подразбира дека таквите корисници имаат приоритет во користењето на репетиторите.

Тоа не значи дека останатите не смеат да ги користат репетиторите но етички е да го ограничат нивното користење на кратки и содржајни пораки за меѓусебно договарање .

Репетиторите никако не треба да се место за долготрајни дискусии и неформални разговори од ограничен интерес за други кои слушаат. Таквиот и останатиот сообраќај фиксните станици да го обавуваат на симплексни канали за таа намена.

РСМ , по правило , го мониторира и регулира користењето на репетиторите како секој совесен и добар стопан. Одржувањето и грижата за правилно користење е приоритет како дел од програмата за работа на РСМ во системот на заштита во кризни состојби на кој припаѓаме како лојални граѓани на РМ.

Поставување, надзор и одржување на репетиторите ,по правило , е должност на менаџерот за УКБ , каде репетиторите припаѓаат по фреквентниот распоред.

Според планот за работа на менаџерот за УКБ може да се одреди лице или лица за одржување на некој репетитор(репетитори).

Пристап кон репетиторите и било каква интервенција е дозволена само со претходна писмена согласнот од ИО и менаџертот за УКБ.

## 2.Користење на репетиторите

Репетиторите се достапни за користење на сите членови на РСМ како и корисници од земјите членки на ИАРУ на минување или привремен престој.

Репетиторите се наменети за кратки и содржајни пораки помеѓу корисници на услугите на РСМ - исклучиво членови на РСМ како и на членките на ИАРУ на минување или на привремен престој не подолг од (30) дена .

Нивното користење се одвива според меѓународно познати и прифатени правила .

Сообраќајот преку репетиторите е различен од онај при нормални радио врски.

Најавување , идентификација и оценување на квалитетот на врската се разликува . Нема потреба од општ повик , вообичаен при стандардни КБ или УКБ врски.

Времетрењето на пораките треба да биде кратко и концизно , без детали за врската ако се знае дека сите слушаат ист уред. Затоа ,рапортот може да биде само за квалитет на приманиот сигнал. (Q 1-5 )

При користење на репетиторите мора да се почитуваат нормите на однесување според Кодексот на однесување на радиоаматери-радиооператори.

Оваа материја е регулирана со услови кои се содржани во Статутот на РСМ И документи кои се објавени на официјалната страница на РСМ.

## 3.Права и обврски на корисниците на репетитори

Секој лиценциран радиоаматер зачленет во РСМ , со платена членарина за периодот од најмалку претходната година ( за членови на РСМ една или повеќе години) и платена членарина за тековната година најдоцна до м. април има право да ги користи репетиторите согласно општите правила за нивно користење.

Периодот до м. април кога треба да се плати членарината се смета продолжение на претходната година со наследено право до подмирување на обврските за членарина за тековната година.

За нови членови на РСМ (кои станале членови на РСМ во тековната година) останува обврската како погоре - плаќање на членарина до месец април или подоцна, доколку се зачлениле после месец април, но најдоцна до крајот на тековната година.

Радиоаматери кои не исполнуваат некој од горните услови не смеат да ги користат репетиторите .

Самото имање на дозвола за работа издадена од АЕК не претставува дозвола за користење на репетиторите ,исто како и други услуги и поволности кои се пропишани и означени за членовите на РСМ.

Оттука , правото за забрана за користење на репетитори на иматели на радиоаматерска лиценца кои не исполнуваат некои од условите за користење на репетитори на РСМ е неприкосновено право на РСМ .

РСМ може во секое време да забрани користење на свои уреди на иматели на лиценца за радиооператор кои не исполнуваат услови за користење на репетитори и друга опрема или имот на РСМ , без за тоа да дава образложение на лице кое ги повредило или не се придржува на условите за користење на уреди или друга опрема сопственост на РСМ.

Оваа материја е регулирана со условите за членување,права и обврски на членови на РСМ кои се содржани во Статутот на РСМ .

Постапката за забрана на користење на репетитори се спроведува на начин пропишан во Правилник за однесување при користење на репетитори кој се изготвува од ИО и е достапен за информирање како и секој друг документ на РСМ .

---

Според Статутот на РСМ (наведи точки овластувања на ИО) , на седницата на ИО одржана на ден ...... во ...., ИО на РСМ го усвои следниот

**Правилник за однесување при користење на репетитор**

Репетиторот се користи за кратки пораки испратени до сите корисници според условите опишани во точка 2 .

Времетраењето на говорната порака од учесник да се ограничува на најмалку можно . Со тоа овозможуваме друг да испрати порака и сообраќајот да биде ефикасен , без непотребно трошење на енергија и непотребно амортизирање на опремата.

Самиот репетитор има сопствено ограничување за оваа намена кое не може да биде поголемо од 3 минути времетраење на емисија од учесник кој го активирал тајмерот на репетиторот во една периода на работа на репетиторот.

Повикот (општ или наменет за одреден корисник) се прави со најава - давање на сопствениот повикувачки знак и куса порака до примателот-примателите.

Пример: Z33XYZ го повикува Z34ABC .

Или : Z34ABC , овде Z33XYZ , прием.

Следува јавување на повиканиот со измена на знаците , евентуално оценка за чујност(разбирливоста) според скала 1-9 . Оваа скала за оценка е содржана во Правилникот за користење на радиоаматерски уреди . Тука е даден и пример за воспоставување на секаква радиоаматерска врска кој треба целосно да се почитува .

Следува куса размена на меѓусебни пораки . Времето на ваков меѓусебен разговор мора да биде најкусо можно и не повеќе отколку обична радиоаматерска врска на било која друга фреквенција .

Во пракса , таквите врски се 2-3 минути . Евентуално , ако се работи за порака(пораки) од важност за поголем број на учесници сообраќајот може да трае и подолго но во разумен рок и никако со часови .

Пред почеток на одговор од корисникот , добро е да се прават паузи од 2-3 секунди со што може заинтересиран да се вклучи во разговорот.

Тоа се прави со пораката Брејк ( BREAK) од заинтересираниот .

Претходните се ДОЛЖНИ да му дозволат на новиот да се вклучи и даде свое мислење или порака .

Понатаму сообраќајот се одвива како и секој почеток , со меѓусебна размена на повикувачки знаци и друго .

Темите за кои може да се дискутира на репетитор мора да се од област која е од заеднички интерес на членови на РСМ , со сите области и сфери на интерес на радиоаматерското хоби како и други теми од интерес на РСМ – јавно информирање за одредени случувања или други настани од радиоаматерското хоби.

Пораки од личен карактер да се избегнуваат , истото впрочем важи и за работа на симплексни канали! За таа намена служат приватните телефони .

Останатиот сообраќај мора да се обавува на симплексни канали според планот за користење на радиоаматерски фреквенции за предметниот опсег(банд).

Учесниците се должни да ги почитуваат општоприфатените правила за однесување на јавни места . Должни се да се однесуваат коректно , етички , со речник достоен на почит како кон другите така и кон сообраќајот кој можат да го пратат сите оние кои се во дометот на репетиторот.

Секое несоодветно однесување потпаѓа под удар на законот за јавно информирање и е казниво . Секој учесник на вакви јавни манифестации или собири треба да е свесен на сопствената и туѓата обврска за почитување на другите онака како што самиот сака да биде почитуван.

Прекршување на некое од начелата за однесување,несоодветно користење ,злоупотреба или друго спротивно на HAM SPIRIT или законските овластувања може да биде предмет на соодветна пријава до надлежен орган и Суд на честа на РСМ.

Никој во ниеден момент не смее да ги занемарува повисоките права на РСМ како законски корисник и единствен застапник на правата и обврските кон законот според дозволата за користење на репетитори . Со ова , сите треба да бидеме свесни и за одговорноста на РСМ

пред законодавецот за наменско,совесно и законско користење на овие уреди за намената за која се предвидени и имаат одобрение за употреба.

Сите ние , во секој момент , мораме да бидеме свесни дека нашето хоби не е и не може да биде над другите во општеството . Сите мора да дадеме пример при користење на репетиторите , онака како тоа е општоприфатена норма на однесување кај светската заедница на радиоаматери .

Верзија 1.2/15.06.2017

ПРАВИЛНИК

За користење на репетитори - предлог

Предлагач;

Тодоровски Тодор , Z31RM